***ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ - МЕЃАШИ***

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

ул. "Коста Новаковиќ" бр. 22 а, Скопје

Тел: (02) 2465-316; Тел/Факс: (02) 2463-900

info@childrensembassy.org.mk;

www.childrensembassy.org.mk

***Информатор бр. 23***

*Октомври - Декември 2005*

**Во овој број:**

1. **МУЛТИЕТНИЧКИТЕ КЛУБОВИ ВО АКЦИЈА**
2. **ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА КОИ ГО НАПУШТААТ ДОМОТ 11 ОКТОМВРИ ПО 18-ТАТА**
3. **ДЕДО МРАЗ КАЈ НАС**
4. **НОВИ ЧЛЕНОВИ ВО НАШИОТ ДИПЛОМАТСКИ КОР**
5. **ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕТСКАТА НЕДЕЛА**
6. **СОС ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ 0800 1 2222**
7. **НОВОГОДИШНИ ЧЕСТИТКИ**
8. **СЛУЧАИ НА КРШЕЊА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА**
9. **ДОНАЦИИ**

## *1. МУЛТИЕТНИЧКИТЕ КЛУБОВИ ВО АКЦИЈА*

Во рамките на проектот "Другарување преку меѓуетничка соработка во 5 мултиетнички клуба во средни училишта во Скопје, Тетово и Куманово" (ДСУ "Никола Карев", ДСУ "Цветан Димов" и ДСМУ "Д-р Панче Караѓозов" од Скопје, ДСМУ "Никола Штеин" од Тетово и ДСУ "Наце Буѓони" од Куманово) беа организирани повеќе активности, од кои посебно за одбележување се:

- на 09.11.2005 година - меѓународниот ден против фашизмот и антисемитизмот, организиравме акција на бришење графити "**Да го симнеме насилството од ѕидовите**". Графитите: "**Стоп насилство**", "**Сакај за да бидеш сакан**", "**Мир**" ги заменија насилните пораки испишани на ѕидовите. Цел на оваа акција беше, во јавноста да се промовираат вредности



на траен мир, солидарност, ненасилство и почитување на правата на сите луѓе што живеат во Република Македонија.

- Веќе 8 години, амбасадата Меѓаши, со своја екипа на членови средношколци, учествува во проектот на УНЕСКО "Тхис ис оур тиме". Оваа година тим од по 15 членови на мултиетничките клубови од Скопје и Куманово на 18.11.2006 год., поставуваа и одговараа на прашањата од цел свет од областа на културата, историјата, спортот, географијата и други занимливости од земјите учеснички. Целта на овој проект е учесниците да се запознаат со современите комуникациски системи: електронска пошта, интернет, видео комуникација и мултимедијален софтвер, да им овозможиме на младите комуникација, натпревар, проверка на знаењата како и да стекнат нови знаења.

Повеќе на www.timeproject.org

- 25 ученици од средните училишта вклучени во овој проект учествуваа во подготвувањето на **Форум театар** - театарска техника за креативна разработка на конфликти. Тие беа обучувани од Владимир Караев. Друга група од 14 ученици од ДСМУ "Никола Штеин" од Тетово, обучувани од Јелмаз Дервиши, подготвија **Денс театар**.

Учениците со Форум театарот и со Денс театарот се претставија на 5 НВОи саемот на 11.12.2005 год. Над 200 посетители го проследија нашиот социо-културен настап.

- На 27.12.2005 година во ресторанот "Бисер" беше организирана завршна забава на која учествуваа сите активни ученици и професори од мултикултурните клубови како и претставници од Европската Комисија и ОБСЕ. На учениците и поддржувачите на проектот им беа доделени дипломи како и на сите кои го поминаа основниот курс по албански јазик.



Проектот беше финансиран од Европската унија преку Европската комисија во рамките на програмата Европска иницијатива за демократија и човекови права, а е поддржан од Министерството за образование, Управа за унапредување на јазиците на припадниците на малцинствата, Совет на Европа и ОБСЕ.

Поддршка за овој проект добивме и од МЦМС, Грчка амбасада, Мермерен Комбинат од Прилеп, Интраком и нашиот Амбасадор за Италија и Швајцарија г-дин Антонио Дилетто. На сите им се заблагодаруваме за поддршката.

## *2. ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА КОИ ГО НАПУШТААТ ДОМОТ 11 ОКТОМВРИ ПО 18-ТАТА*

Со новите измени во законот за социјална заштита 62/2005, Министерството за труд и социјална политика, на децата без родители и родителска грижа по напуштање на домовите им обезбеди живеалишта до нивната 26-та година. Иако можеби многумина би рекле дека е најважно да се има кров над глава, ние си го поставивме прашањето дали е тоа доволно и дали е тоа сé што му е потребно на еден млад човек ?

Потикнати од прашањата како тој/таа ќе се издржува себеси? Дали знае нешто да работи? Дали има можност за вработување? Дали има некој проблем што го/ја мачи, а можеби нема со кого да зборува за тоа? Се натеравме на размислување за можноста да им понудиме на заедницата и на овие млади луѓе алтернатива за решавање на ова прашање.

Пред почетокот на проектот потпишан е меморандум за соработка помеѓу Првата детска амбасада во светот - Меѓаши и ПРО - извршен директор, Билјана Лазаревска; Министерство за труд и социјална политика - Министер Стевчо Јакимовски; Град Скопје - Градоначалник Трифун Костовски и КИП на Град Скопје - Претседател Лилјана Поповска по што пристапивме кон реализација на проектот "Психо-социјална и едукациска поддршка на децата без родители по напуштање на домот 11 Октомври".

Проектот опфаќа активности како работилници за компјутери, англиски јазик, кулинарство, индивидуално и групно советување со младинците кои излегуваат од домот по навршување на полнолетството. Проектот е доставен до Фондот за социјални инвестиции, Проект за развој на општините, а финансиран од Светска Банка. Бидејќи младинците ќе се дообучат, дообразуваат, односно ќе имаат повеќе стекнати знаења за работа со компјутери како и поголемо познавање на еден странски јазик, а сето тоа поткрепено со континуирана советодавна работа во група, веруваме дека младинците ќе поседуваат карактеристики кои подобро ќе ги пласираат на пазарот на трудот а со тоа ќе им овозможат поголеми шанси за вработување.

Во рамки на проектот, во периодот на месец февруари, комплетно ќе опремиме со мебел и садови за домаќинство еден стан обезбеден од Министерството за труд и социјала кој ќе биде идно живеалиште на младинци кои на почетокот на оваа година го напуштаат домот 11 Октомври.

Координатор на проектот е Александра Ѓорѓиоска.

### *3. ДЕДО МРАЗ КАЈ НАС*



На 28-ми Декември 2005 год., на иницијатива на координаторите на Детските работилници (Александра Коцева, Мирјана Буразер, Марија Николова, Елена Митровска и Благој Џајков), 15-тина деца, членови на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши оствариja средба со децата од СОС Детско Село (СОС Киндердорф).

Околу 100 деца беа пресреќни кога им пристигна Дедо Мраз со неговите подароци.

Им благодариме за донацијата на Агролозар, Струмица (чоколади) и на Издавачкото друштво Смешко (сликовници од најновата едиција Виножито).

Дедо Мраз исто така ги посети и децата од прифатилиштето на Амбасадата Меѓаши, чија радост за пакетчињата беше бескрајна.

### *4. НОВИ ЧЛЕНОВИ ВО НАШИОТ ДИПЛОМАТСКИ КОР*




Во согласност со правилникот за користење на дипломатски пасош на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, Извршниот колегиум донесе одлука за номинирање на г-динот В.Е. Д-р Антонио Дилетто, Амбасадор за Италија и Швајцарија на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, Република Македонија со бр. на пасош 247 (со важност 16.12.2009 год) и г-динот В.Е. Агостино Конте, Вице Конзул за Италија на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, Република Македонија со бр. на пасош 210 (со важност 16.12.2009 год). Извршниот Директор ги предаде Дипломатските Пасоши од Првата детска амбасада во светот - Меѓаши на нашите членови на дипломатскиот кор.

Членството се зголемува, што покажува дека резултатите се потврдуваат, а воедно и нашите идеи, визија и мисија се шират низ целиот свет.

Види:
www.childrensembassy.org.mk/macedonian/Diplomatija/Diplomatija.htm

### *5. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕТСКАТА НЕДЕЛА*

По повод Детската Недела (3 - 9 Октомври 2005 година) и Меѓународниот ден на детето на 9-ти Октомври, 20-тина деца, членови на нашата Амбасада оствариja средба со децата од СОС Детско Село (СОС Киндердорф). За таа цел, во просториите на Детското Село беше организирана приредба каде децата ги изразија своите таленти, претставувајќи се со музички и други уметнички точки. Воедно на детето Орхан Димиров му го честитавме роденденот и му подаривме торта.



Со нас дојдоа и музичките ѕвезди: Ева Нединковска, Гаро Тавитијан, Јован Јовановски и Маја Саздановска, кои успеаја да ја поддигнат атмосферата.

Благодарност до слаткарниците Малага и Крин за тортите и на Анхоч Компјутери за дониран компјутер во Детските работилници.

Координатори на Детските работилници се: Александра Коцева, Мирјана Буразер, Марија Николова, Елена Митровска и Благој Џајков.

### *6. СОС ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ 0800 1 2222*




СОС телефонот за деца и млади при Првата детска амбасада во светот - Меѓаши **0800 1 2222** е прв бесплатен телефон за деца и млади во земјава, кој континуирано функционира веќе 13 години (од 1993). Од почетокот до денес имаат волонтирано околу 120 млади луѓе (психолози, педагози, социолози, социјални работници).

Во изминативе месеци беше формиран нов тим од студенти на СОС телефонот. Тимот брои десет членови и за прв пат, од самото основање на СОС телефонот, составен дел на тимот се и волонтери од албанската заедница. За новите волонтери беше организирана посебна обука која се состои од теоретски и практичен дел. Од оваа година започнавме и со посета и запознавање со работата на другите

центри и СОС телефони со кои соработува СОС телефонот за деца и млади.

Во просториите на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши беше организиран дводневен семинар на тема "Генограм и неговата употреба". Обуката беше одржана од страна на Станислав Петковски, специјалист по медицинска психологија и терапевт по Трансакциона анализа.

За првпат оваа година започнавме со активности за собирање на финансиски средства за одржливост на СОС телефонот. Со таа цел беа испачатени 15.000 новогодишни честитки кои ги продававме на граѓани, бизнис фирмите, невладините и владините организации, амбасади и на Саемот на невладини организации, Саемот на жените амбасадорки, Саемот организиран од гимназијата "Нова", Саемот организиран од УНХЦР, Новогодишниот саем и на други места.

Во трговскиот центар "Рамстор" беше поставена касичка за донирање средства за СОС телефонот.

Во изминатиов период телефонот беше финансиски поддржан од CHI – Child Helpline International (до 12.10.2005 год), МЦМС, а за наредниот период обезбедена е финансиска поддршка од Стопанска банка.

Упатуваме благодарност и до Про графика - донатори за налепници.

Координатор на СОС телефонот за деца и млади е Маја Корубин.

### *7. НОВОГОДИШНИ ЧЕСТИТКИ*



Децата членови на Амбасадата - Меѓаши изработија новогодишни честитки и производи (фигури од гипс, витражи и сл). Средствата добиени од продажбата вкупно 124.000,00 денари се наменети за потпомагање на СОС телефонот за деца и млади и Детските работилници. Честитките беа изложени и на овогодинешниот 5-ти НВОи Саем кој се одржа од 09.-11.12.2005 год., и истите наидоа на голем интерес од страна на граѓаните, од НВОи, министерствата, меѓународни организации и амбасади. На саемот и

претседателот на Република Македонија Бранко Црвенковски купи од нашите честитки.

## *8. СЛУЧАИ НА КРШЕЊА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА*

- Во почетокот на месец октомври 2005 год добивме писмено барање од Ј.П. во кое се наведува дека нејзините две деца, ученици во второ и четврто оделение во се физички и психички малтретирани од страна на нејзината јатрва Б.П.

Ј.П. ги известила директорката и психологот на училиштето и Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа.

Мајката е загрижена за своите деца, за нивната безбедност, а истовремено и за нивниот психолошки развој, затоа што нејзините деца доживуваат агонија на страв кога ќе ја видат нивната стрина. Нејзиниот начин на заштита е со тоа што не ги пушта своите деца на училиште, што би придонело за нанесување на уште поголема штета на нивниот психо-социјален и интелектуален развој.

За случајов Амбасадата Меѓаши го извести Народниот правобранител. Во одговорот од Народниот правобранител се вели дека тие побарале од МВР и од Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа ова насилство да го третираат како семејно насилство и да се преземат соодветни мерки согласно законските овластувања. МВР го известил Народниот правобранител дека покренал прекршочна постапка против неведеното лице за нарушување на јавниот ред и мир, но Народниот правобранител не бил благовремено информиран дали Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа извршил непосреден увид поради што упатил информација до директорот на Центарот.

Потоа Центарот го известил Народниот правобранител дека за надминување на проблемот биле повикани на разговор родителите на децата и нивната стрина која го врши насилството, било разговарано со психологот во училиштето и случајот бил пријавен во полиција. Воедно Меѓуопштинскиот Центар за социјални работи извршил и непосреден увид во семејството на децата жртви на насилство и во семејството на вршителот на насилството, при што утврдил дека постои меѓусебна нетрпеливост меѓу двете семејства повеќе години и дека сега се инволвираат и децата. Стручиот тим од Центарот им укажал на законската забрана за семејно насилство и за мерките што може да се преземат. Ценејќи дека постои семејсно насилство, стручниот тим, согласно одредбите на Законот за семејство, ќе поднесат барање до судот за изрекување времена мерка за заштита од насилство. Со оглед на тоа што полицијата покренала прекршочна

постапка, а Центарот ги испитал сите околности и ќе покрене постапка пред судот согласно Законот за семејство, Народниот правобранител цени дека во моментот се преземени соодветни мерки и нема основ за натамошна интервенција и постапката е завршена.

❖ За случајот на физичко и сексуално малтретирање на две малолетни деца, Б.Х. (10) и К.Х. (7), од страна на нивната мајка, Ве информиравме во минатиот број на информаторот.

Ние испративме барање до Центарот за социјални работи во Битола за да не информираат за текот на случајот. Известен е и Народниот правобранител. Во одговорот од Народниот правобранител се вели дека истиот од Центарот за социјална работа од Битола побарал да се постапи по укажувањата на таткото, да се проверат неговите наводи и ако истите се потврдат да се преземат сите можни мерки предвидени со Законот за семејство, водејќи притоа сметка пред се за најдобриот интерес на децата и за нивната заштита од какви било трауми и други проблеми што штетно би влијаеле на нивниот натамошен психофизички развој.

❖ Случајот на физичко малтретирање на три деца (13-14 год) од страна на возрасни лица се води во суд и се одолговлечил, а на 19.01.2006 год. требаше да истече рокот од две години за траење на процесот. За случајов бевме известени од дедото на едно од малтретираните деца. Амбасадата Меѓаши го извести Народниот Правобранител со цел за забрзување на постапката. Во одговорот од Народниот правобранител се вели дека од Основниот Суд Скопје 1 е побарано да биде известен за текот на постапката и на наша интервенција постапката ќе се продолжи.

❖ На СОС телефонот за деца и млади при нашата амбасада беше пријавен случај дека малолетничката А.П. (14 години) веќе некое време живее со 38 годишен човек, дојден од Австрија, кој според јавувачот има криминално досие. За ова се запознати и родителите на малолетничката. Амбасадата Меѓаши го извести Центарот за Социјална работа од Прилеп за што го чекаме одговорот од истиот.

❖ Како што е познато во декември 2004 год. Првата детска амбасада во светот - Меѓаши реагираше на случај на сексуална злоупотреба. Информациите беа објавени во весникот Дневник и се наведува за снимен порнографски филм во кој главни актери се шеснаесет годишна ученичка од Скопје и нејзиното момче.

Првата детска амбасада во светот - Меѓаши и Здружението за заштита на правата на детето, на 29.12.2004 год. поднесоа кривична пријава до Јавното Обвинителство против сторители кои дистрибуираат и продаваат приватни аматерски порно снимки до јавноста. Во кривичната пријава ние се повикавме на Кривичниот

закон, на членот 152 став 1 и 3, за неовластено снимање, како и на членот 174 став 2, за изнесување лични и семејни прилики.

На поднесено барање од Првата детска амбасада во светот - Меѓаши до Основното Јавно обвинителство - Скопје за добивање информации за кривичната пријава, на 11.05.2005 год. добивме одговор во кој се вели дека по однос на истата Обвинителството поднело барање за собирање на потребни известувања и преземање мерки за откривање на сторителот до Управата за внатрешни работи - Скопје. На 16.09.2005 год. повторно испративме писмо до Основното Јавно Обвинителство - Скопје и до Управата за внатрешни работи - Скопје со предмет - барање информација за поднесената кривична пријава. Во писмениот одговор од МВР се вели дека при оперативни проверки дојдено е до сознание дека се работи за лице С.П. на 20 год возраст. Истата не можела да посочи кој би можел да биде дистрибутер на касетата. На С.П. и било укажано на правото за покренување на кривична постапка, но истата одбила сметајќи дека е подобро побрзо да се заборави, односно со самото тоа повторно би дошла на почетокот на озборувањата.

- За случај на сексуално малтретирање на Б.Б. (26) бевме информирани од С.П. - старател на Б.Б. Таа е девојка со посебни потреби и живее со нејзините родители кои се исто така со пречки во развојот и со нејзините старатели. Според нејзиниот старател, во октомври 2005 година Б.Б на брутален начин била сексуално малтретирана од страна на 77 годишен пензионер Н.Т. во неговата куќа во с. Гари. Случајот е веднаш пријавен во МВР Дебар, но тие не поднеле пријава до судот во Дебар под изговор дека поминале 15 дена од пријавување на случајот со што истиот е застарен. Амбасадата Меѓаши го извести Народниот правобранител. Во одговорот кој го добивме од Народниот правобранител на 08.12.2005 год. тој се обратил до МВР Дебар и побарал од денот на добивање на барањето, да биде известен за преземените мерки по пријавување на случајот и најитно да се постапи по укажувањата на старателот на лицето, и проверување на неговите наводи и доколку се потврдат да се преземат сите можни мерки предвидени согласно нивните надлежности.

- За случај "киднапирање" на девојчето А.М. (16) од страна на нејзиниот дечко Б.Б., бевме известени од родителот А.Р. Таткото од полицијата добил писмена потврда дека девојката (неговата ќерка) сака да се венча со "киднаперот". Според таткото потписот на документот, со кој е потпишана ќерка му, не одговара на нејзиниот ракопис. Амбасадата Меѓаши за случајов го извести Народниот правобранител, Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа и Управа за внатрешни работи Скопје.

Во писменото известување од Народниот правобранител се вели дека по повод поднесената претставка разговарано е со командирот на ПС Драчево кој информирал за распишана потерница по А.М. Неколку пати бил извршен претрес во домот на Б.Б., но ниту тој ниту девојчето не биле пронајдени во неговиот дом и не биле посочени лица каде би можеле да се засолнат. Заради добивање на целосни сознанија за случајот и преземените мерки за пронаоѓање на девојката, Народниот правобранител се обратил и до МВР и побарал доставување на информации и податоци за случајов, а е упатена и ургенција до Секторот за внатрешни работи, Одделение за општ криминал за преземање на мерки за случајов.

На 28.12.2005 год. од МВР бевме писмено известени дека во ПС Драчево дошло лицето А.Р. и поднел пријава за исчезнување на неговата ќерка А.М., која не се вратила дома после училишната настава. Од страна на ПС Драчево била распишана потрага по пријавеното исчезнато лице. Од преземените оперативни проверки од страна на овластените лица на полицијата било констатирано дека А.М. била во подолга врска со лицето Б.Б. и дека истата доброволно заминала со истиот со намера да формираат брачна заедница. Заради утврдување на фактичката состојба и елиминирање на сомнение за постоење кривично дело - грабнување, од страна на службените лица на ПС Драчево била преземена истражна мерка претрес на стан, сопственост на Б.Џ., татко на Б.Б., врз основа на претходно издаден судски налог. При претресот не биле пронајдени А.М. и Б.Б.

Од овластените лица на ПС Драчево биле преземени мерки наведените лица да бидат обезбедени за службен разговор во службени простории. Во повеќе наврати било повикано семејството на Б.Б. да дојде на службен контакт со А.М. Истите се појавувале на разговор, но без малолетната А.М., под изговор дека не можат да ја присилат да дојде во службени простории.

Поради тоа, овластените лица на ПС Драчево преземале службена мерка за обавување на службен разговор во семејната куќа на Б.Р. На службениот разговор покрај семејството на Б.Б. во присуство на околу десетина членови била присутна и А.М. чиј идентитеет бил потврден согласно фотографијата од неа претходно приложена во пријавата за исчезнато лице. Во обавениот разговор со А.М. било констатирано дека истата доброволно искажала волја да склучи брачна заедница со Б.Б. На истите им било предочено бидејќи А.М. е малолетна, и истата треба да биде предадена на нејзиниот родител. Во присуство на сите ОСЛ и многубројното семејство Б.Б. како и во одделен разговор со А.М., истата категорично одбила да дојде во службени простории и да се сретне со својот родител - од причини што се плашела дека родителот нема да и дозволи брак со

Б.Б. Во дадениот момент кога бил преземен наведениот службен разговор не постоеле безбедносни услови за примена на мерка приведување на А.М.

Согласно КЗ на РМ било елиминирано сомнението за грабнување на А.М. Согласно наведеното како и со цел на превентивно оперативно делување заради спречување на инцидент од поголеми размери, овластените лица на ПС Драчево и понатаму преземаат мерки за дорасчистување на случајов.

❖ 14 годишната Ц.В. на 25.11.2005 год била физички нападната и претепана од страна на група деца од ОУ Невена Георгиева - Дуња. Амбасадата Меѓаши стапи во контакт со полицијата. Воедно исконтактиравме и со директорката на училиштето но не наидовме на соработка поради тоа што таа не сакаше да преземе никакви мерки бидејќи нападот не се случил за време на наставните часови. Според жртвата на малтретирањето, опасност од оваа група деца чувствуваат и другите деца како и нивните родители. Известен е и Народниот правобранител. Во одговорот од Народниот правобранител се вели дека истиот побарал од надлежните од ОУ Невена Горгиева - Дуња да преземат соодветни мерки.

Забелешка: За понатамошниот тек на решавање на овие случаи ќе ве информираме во следниот билтен.

## *9. ДОНАЦИИ*

Амбасадата Меѓаши ја продолжува својата хуманитарна активност со цел помагање на 4 семејства во нашето прифатилиште како и на 10 социјално загрозени семејства.

Благодарност до донаторите: *Скопски Пазар* - Скопје; *Рамстор* - Скопје; *Македонски телекомуникации* - Скопје; *Жито* Битола; *Нелт СТ* - Скопје, *Окта* - Скопје, *Везешари* - Тетово, *Океан-Ком* - Скопје; *Фруктал* - Скопје, Градот Скопје, *Пивара* - Скопје.

Координатор на социјалната служба е Мери Николовска.

Сите кои сакаат да донираат и да ја поддржат работата на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, може да го сторат тоа со доброволен прилог.

Уплатата може да се изврши на следнава денарска сметка:
жиро сметка: 200000010722372
Даночен број: 4030995179890
Депонент: Стопанска Банка

Или на девизната сметка:

SWIFT STOB MK 2X
ID 1066179
0006233480 Euro'
0007535360 USD

До следниот број
Срдечен поздрав,

од тимот на
Првата Детска Амбасада во Светот - Меѓаши
Република Македонија

***Информаторов се праќа двојазично (македонски и англиски).***

***Доколку не сакате да го добивате истиот, вратете ни повратен маил со Субјецт: Ремове***